Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-46**
**Датум: 28.5.2024 година**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
Потпис
Nënshkrimi
20 година
viti

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ на Република Македонија, Кочани(во натамошниот текст: Здружение) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.„Кеј на Револуцијата“ ББ Дом на култура „Бели Мугри“ Кочани |
| Адреса за е-пошта | dafkocani@gmail.com |
| Телефон | (078) 348-466 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД, Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме:<br><br>претседател | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>**2. ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 22.5.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 28.5.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се | ул.„Кеј на Револуцијата“ ББ Дом на култура „Бели Мугри“ Кочани | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| врши надзорот | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.„Кеј на Револуцијата“ ББ Кочани |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Пријава деловоднички заведена во Министерството за култура Ип.1 бр.57-46 од 10.5.2024 година од физичко лице доставена по електронски пат до Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, за проектите „59 Драмски аматерски фестивал во Кочани“ проект од 2022 година и „60 Драмски аматерски фестивал Кочани“ проект од 2023 година од Драмска дејност, согласно со Договорот бр. 20-3523/2 од 12.4.2022 г., во износ од **393.121 денари** и Договор бр. 20-2325/1 од 7.3.2023 г., и Анекс кон договорот бр.20-2325/2 од 6.4.2023 г., во износ од **399.633 денари**, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.
**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , овластен сметководител/ТП ВК Консалтинг, Кочани | | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1.По поднесената Пријава бр. УП1 18-57/2021 од 20.10.2021 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2022 г. од областа на Драмска дејност, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 18-57/2021 од 18.2.2022 г., прифатен е проектот на Здружението: „59 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани", а за негова реализација доделени се средства во износ од 393.120 денари и тоа за: авторски хонорари, продукција и организација.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-3523/2 од 12.4.2022 г., со којшто се одобрени средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од **393.120 денари**, наменети за реализација на проектот„59 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани". На 4.5.2022 г., Здружението доставило Барање за преведување на дел од средствата за проектот (заведен во МК под бр. 20-6120/1), со Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (по намена и износи), којшто е составен дел од Договорот, согласно со член 3 став (2) од Договорот со МК. Во Оперативниот и финансиски план се предвидени средства за авторски надоместоци (67.000 денари), сместување (124.000 денари), патни трошоци (20.000 денари), транспортни трошоци (30.000 денари), организациски трошоци (55.000 денари), печатење (22.000 денари), технички надоместоци (27.000 денари), изнајмување на озвучување и осветлување (36.000 денари) и маркетинг (12.000 денари).

-Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) и член 9 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектите (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2023 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

заклучно со 31.12.2023 г.), од областа на *Драмска дејност* до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Здружението до МК има доставено Наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МК бр. 20-9182/1 од 23.8.2022 г., за реализација на Проектот - „59 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани".

10.1.1 По поднесената Пријава бр. УП1 2876/2022 од 29.11.2022 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 г. од областа на Драмска дејност, а врз основа на Жалбата бр. УП1 20-69 од 22.03.2023 г., мислењето на Комисијата УП1 20-69 од 22.3.2023 г.,со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-69 од 24.3.2022 г., прифатен е проектот на Здружението: „60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани", а за негова реализација доделени се средства во износ од 399.633 денари и тоа за: авторски хонорари, сместување на учесниците, патни трошоци, маркетинг, изработка на статуетки-награди и храна.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-2325/1 од 7.3.2023 г., и Анекс кон договорот бр.2025/2 од 6.4.2023 г., со којшто се одобрени средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од **399.633 денари**, наменети за реализација на проектот„60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани". На 11.5.2022 г., Здружението доставило Барање за преведување на дел од средствата за проектот (заведен во МК под бр. 20-5513/1), со Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (по намена и износи), којшто е составен дел од Договорот, согласно со член 3 став (2) од Договорот со МК. Во Оперативниот и финансиски план се предвидени средства за авторски надоместоци за три члено жири (59.940денари), авторски надомест за технички персонал (сценски работници, тон мајстор, светло мајстор - 77.700 денари)авторски хонорар за организатор и селектор (66.600 денари), авторски хонорар за водител на разговори (19980 денари), сместување на учесници (29.033 денари), патни трошоци (96.580 денари), маркетинг/печатење на плакат (19.800 денари), изработка на статуетки/гравирање на награди(30.000 денари),

-Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) и член 9 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектите (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

заклучно со 20.11.2023 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2023 г.), од областа на *Драмска дејност* до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Здружението до МК има доставено Наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МК бр. 20-8308/1 од 7.9.2023 г., за реализација на Проектот - „60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани".

**Програма- Драмска дејност (2022 година)**

Согласно со Годишниот договор бр. 20 – 3523/2 од 12.4.2022 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2022 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Здружението за проектот „59 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани" и тоа за следниве намени (продукција, организација и авторски хонорари).

На денот на надзорот на инспекторот му беа презентитани следниве Трошоци за реализација за горе наведениот проект кои се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Намена/доверител | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Проект- „59 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани" | | | |
| 1. | Авторски надоместоци за 4 лица и тоа за членови на жири 3 лица и селектор | 66.000 | по претходно склучени договори од 20.5.2022 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.19 од 27.5.2022 и бр.23 од 3.6.2022) |
| 2. | Хотел „Ледер" Кочани за хотелско сместување | 29.700 | по ф-ра бр.035/2022 од 30.5.2022 (банковен извод бр.37 од 31.10.2022) |
| 3. | Еуро хотел Градче ДОО Кочани за хотелско сместување | 88.000 | по ф-ра бр.00055 од 30.5.2022 (банковен извод бр.26 од14.6.2022 и бр.37 од 31.10.2022) |
| 4. | Пролет бар ДООЕЛ Кочани за достава на храна | 33.000 | по ф-ра бр,3-3-008 од 31.5.2022 (банковен извод бр.26 од 14.6.2022) |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | „Црво Експрес“ Кочани Патни трошоци за гориво,патарини и превоз на патници на релација Штип-Кочани-Штип | 8.499 | по повече с-ко потврди и патарини и ф-ра бр.050/22 од 28.5.2022 (банковен извод бр.39 од 8.11.2022) |
| 6. | Театар комедија Скопје за учество на фестивал | 30.000 | по ф-ра бр.12 од 12.5.2022 (банковен извод бр,17 од 20.5.2022) |
| 7. | Т-ци за организација исплатено на 4 лица за водител на разговори, дизајн на плакат и организација | 65.200 | по претходно склучени договори од 20.5.2025 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.23 од 3.6.2022 ) |
| 8. | Ко протекс ДООЕЛ Кочани за печатење на маици со лого | 11.800 | по ф-ра бр.00040-22 од 19.5.2022 (банковен извод бр.26 од 14.6.2022) |
| 9. | ТП Лелекови Кочани изработка на плишана плакета голема и мала | 7.500 | по ф-ра бр.020/2022 ( од 29.5.2022(банковен извод бр.26 од 14.6.2022) |
| 10. | Фингер текс ДООЕЛ Кочани печатење на торби, маици | 22.000 | по ф-ра бр.017/22 од 20.5.2022 (банковен извод бр.17 од 20.5.2022) |
| 11. | Физичко лице за изнајмување на осветлување и озвучување -сценски техничар | 9.000 | по претходно склучен договор од 20.5.2022 исплатено на трансакциска сметка (банковен извод бр.23 од 3.6.2022) |
| 12. | Печатница Европа 92 Кочани печатење на плакати постери-маркетинг | 14.313 | по 2 ф-ри (банковен извод бр.37 и 39 од 2022) |
| 13. | МК хост обнова на домен и др.технички т-ци | 8.108 | по ф-ра бр.2022-3826 од 9.5.2022(банковен извод бр.12 од 9.5.2022) и др т-ци по фискални сметки, банкарски провизии |
| | **Вкупно:** | **393.120 денари** | |

Горе наведениот проект е реализиран во целост во периодот од 23-29 мај 2022 година во Градскиот парк, мултикултутрниот центар на Општина Кочани и за истото на инспекторот на денот на надзорот му беа презентирани, постери, покани, програма, објави во разни медиуми слики, ЦД и др.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

При надзорот од страна на инспекторот беше утврдено дека согласно член 11 од Договорот извршена е помала промена на износот на средства за намените утврдени во Образецот на оперативен и финансиски план кои се во износ од 15% од вкупниот износ на средствата од членот 2 од договорот.

**Програма- Драмска дејност (2023 година)**

Согласно со Годишниот договор бр. 20 – 2325/1 од 7.3.2023 г., и Анекс кон договорот бр.20-2325/2 од 6.4.2023 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2023 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Здружението за проектот „60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани" и тоа за следниве намени (авторски хонорари, сместување на учесници, патни трошоци, маркетинг, изработка на статуетки-награди и храна).

На денот на надзорот на инспекторот му беа презентитани следниве Трошоци за реализација за горе наведениот проект кои се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Намена/доверител | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Проект- „60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани" | | | |
| 1. | Авторски надоместоци за членови на жири 3 лица и селектор | 59.400 | по претходно склучени договори од 20.5.2023 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.34 од 6.6.2023) |
| 2. | Авторски надомест за водител на разговори | 19.960 | по претходно склучен договор од 20.5.2023 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.34 од 6.6.2023) |
| 3. | Авторски надомест за селектор и организатор 2 лица | 66.600 | по претходно склучен договор од 20.5.2023 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.15 од 27.4.2023 и бр.30 од 23.5.2023) |
| 4. | Авторски надомест за технички персонал (сценски работници, тон мајстор светло мајстор и др. 3 лица | 117.700 | по претходно склучен договор од 20.5.2023 г., исплатено на трансакциски сметки (банковен извод бр.37 од 15.6.2023 г., и бр.48 од 19.9.2023) |
| 5. | Еуро хотел Градче ДОО Кочани за хотелско сместување | 29.500 | по ф-ра бр.3-1-025 од 12.5.2023 (банковен извод бр.38 од19.6.2023) |
| 6. | ДПТТУ Соколов Турс | 57.000 | по ф-ра бр.00099-23 од 31.5.2023 |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ДООЕЛ Оризари –превоз на патници во период од 21.5-29.5.2023 | | г., (банковен извод бр.43 од 10.7.2023 и бр.48 од 19.9.2023) |
| 7. | Амазон – Р ДООЕЛ Кочани печатење на маици,нотези,картички, благодарници-маркетинг | 19.800 | по 2 ф-ри бр.235 и 237 од 2023 г., (банковен извод бр.38 од 19.6.2023 ) |
| 8. | ТППБ Лелекови Кочани изработка на плишани плакети мали големи, церада | 13.010 | по ф-ра бр.067/2023 од 29.5.2023 г., (банковен извод бр.38 од 19.6.2023) |
| 9. | Амазон – Р ДООЕЛ Кочани печатење на нотес, гравирани привезоци | 7.100 | по 2 ф-ри бр.203 и бр.241 од 2023 (банковен извод бр. |
| 10. | Стиро Стил Битола за изработки од стиропор | 4.000 | по ф-ра бр.0004 од 17.5.2023 (банковен извод бр.27 од 19.5.2023) |
| 11. | АД комерцјална банка Скопје | 5.563 | банкарски провизии |
| | **Вкупно:** | **399.633 денари** | |

Горе наведениот проект е реализиран во целост во периодот од 22-27 мај 2023 година во Градскиот парк, односно на платото на влезот и во НУЦК „Бели Мугри“во Кочани и за истото на инспекторот на денот на надзорот му беа презентирани, програма, објави во разни медиуми слики, и др.

При надзорот од страна на инспекторот беше утврдено дека согласно член 11 од Договорот извршена е помала промена на износот на средства за намените утврдени во Образецот на оперативен и финансиски план кои се во износ од 15% од вкупниот износ на средствата од членот 2 од договорот.

Од увидот во сметководствена документација на Здружението од страна на инспекторот како и изјавата на претседателот беше утврдено дека за проектите„59 и 60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани“ од 2022 и 2023 г., не се печатени влезници-билети ниту е остварен приход од продажба на истите.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

- Здружението ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ на Република Македонија, Кочани ги реализирало проектите „59 и 60 Драмски аматерски фестивал на РМ-Кочани" од 2022 и 2023 г., од областа на Драмската дејност и согласно член 11 од Договорот извршена е помала промена на износот на средства за намените утврдени во Образецот на оперативен и финансиски план кои се во износ од 15% од вкупниот износ на средствата од членот 2 од Договорот.
- Здружението има доставено до Министерството за култура наративни и финансиски извештаји за реализација на проектот од 2022 г., и 2023 г., со приемен штембил бр. 20-9182/1 од 23.8.2022 г ., и бр. 20-8308/1 од 7.9.2023 г.

- Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на Здружението од аспект на примена на Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

______________________________
______________________________
______________________________
______________________________
______________________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>, претседател<br><br>Датум: .2024 г. | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Верица Станкова, советник-инспектор<br><br>Датум: 28.5.2024 г. |
|---|---|



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk